**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ**

Наш број: 01-3180/1 — 19.03.2009
Ваш број: — Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено | 23-03-2009 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 1481/1 | | |

До
Собрание на Република Македонија

**Предмет:** Доставување на Извештај за работа на Агенцијата за државни службеници за 2008 година

Врз основа на член 8 став (4) од Законот за државните службеници (Службен весник на Република Македонија број 59/2000, 112/2000, 34/2001, 103/2001, 43/2002, 98/2002, 17/2003, 85/2003, 17/2004, 69/2004, 81/2005, 61/2006, 36/2007, 161/2008 и 6/2009), Ви го доставувам Извештајот за работа на Агенцијата за државни службеници за 2008 година во писмена и електронска форма (ЦД).

Со почит,

Директор,
Александар Гештаковски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА АГЕНЦИЈА ЗА ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ * СКОПЈЕ

ул. Јуриј Гагарин бр. 15, 1000 Скопје
тел. (02) 3094 200, факс: (02) 3082 937, е-пошта: kontakt@ads.gov.mk

# АГЕНЦИЈА ЗА ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ
# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА ЗА 2008 ГОДИНА

ЗА НЕЗАВИСНА, ПРОФЕСИОНАЛНА И ЕФИКАСНА ДРЖАВНА СЛУЖБА

**Број 01–3180/1**
**19 март 2009 година, Скопје**

*Врз основа на член 8, став (4), од Законот за државните службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 59/2000, 112/2000, 34/2001, 103/2001, 43/2002, 98/2002, 17/2003, 40/2003, 85/2003, 17/2004, 69/2004, 81/2005, 61/2006, 36/2007, 161/2008 и 6/2009), директорот на Агенцијата за државни службеници, на 19.3.2009 година, донесе Извештај за работа за 2008 година на Агенцијата за државни службеници*

ЗА НЕЗАВИСНА, ПРОФЕСИОНАЛНА И ЕФИКАСНА ДРЖАВНА СЛУЖБА

## СОДРЖИНА

СОДРЖИНА ..... 1
I. ВОВЕД ..... 1
I.1 Надлежности ..... 1
I.2 Приоритетни активности во 2008 година ..... 3
II. ПРЕГЛЕД НА ПОСТИГНУВАЊАТА ВО 2008 ГОДИНА ..... 4
II.1 Заштита и грижа за прописите за државна служба и принципите на кои се засновани ..... 4
II.1.1 Измени и дополнувања на Законот за државните службеници ..... 4
II.1.2 Измени и дополнувања на подзаконските акти ..... 4
II.1.3 Согласности на актите за внатрешна организацијата и систематизацијата на работните места на органите ..... 5
II.2 Рамка за развој и управување со човечките ресурси ..... 5
II.2.1 Развивање, спроведување и координација на политики за управување со човечки ресурси ..... 5
II.2.2 Постапки за утврдување на дисциплинска и материјална одговорност ..... 5
II.2.3 Оценување на државните службеници ..... 5
II.2.4 Развивање, спроведување и координација на стручното усовршување и обуката на државните службеници ..... 6
II.2.5 Регистар на државните службеници ..... 8
II.3 Селекција и вработување на државни службеници ..... 8
II.3.1 Согласности за нови вработувања/спогодбени превземања на државни службеници ..... 8
II.3.1 Објавување на јавни огласи ..... 9
II.3.2 Приправнички испити ..... 9
II.3.3 Стручни испити ..... 9
II.3.4 Соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците ..... 10
II.4 Второстепен систем за заштита на правата на државните службеници ..... 10
II.4.1 Комисија на Агенцијата за државни службеници за решавање во втор степен по жалби и приговори на државните службеници ..... 10
II.5 Меѓународна соработка ..... 11
II.5.1 Мултилатерална соработка ..... 11
II.5.2 Билатерална соработка ..... 12
II.5.3 Преглед на активностите по проекти ..... 12
III. ГЛАВНИ ПРЕДИЗВИЦИ ЗА 2009 ГОДИНА ..... 14

ЗА НЕЗАВИСНА, ПРОФЕСИОНАЛНА И ЕФИКАСНА ДРЖАВНА СЛУЖБА

# I. ВОВЕД

## I.1 Надлежности

Агенцијата за државни службеници (во понатамошниот текст: Агенцијата) е формирана во 2000 година, врз основа на Законот за државните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 112/2000, 34/2001, 103/2001, 43/2002, 98/2002, 17/2003, 40/2003, 85/2003, 17/2004, 69/2004, 81/2005, 61/2006, 36/2007, 161/2008 и 6/2009).

Агенцијата е самостоен државен орган во Република Македонија, надлежен за вршење на стручни, управни и други работи што се однесуваат на статусот, правата, должностите и одговорностите на државните службеници. Ваквиот статус и обезбедува независност во однос на органите на извршната, законодавната и судската власт, како и во однос на органите на локалната власт.

Агенцијата е организирана во четири сектори со девет одделенија, и две самостојни одделенија. Со Агенцијата раководи директор, кој има заменик, кои ги именува и разрешува Собранието на Република Македонија, со мандат од 6 години.

Агенцијата има улога на:

- креатор на политики, поврзани со управувањето на човечките ресурси:

  – подготвува и донесува прописи што се однесуваат на државните службеници за кои е овластена со закон, по претходно мислење од органите од член 3 став (2) на Законот (министерства, други органи на државна управа и стручни служби);

  – развива политики и дава насоки поврзани со звањата и описот на работните места, селекцијата, вработувањето и престанокот на вработувањето, соодветната и правична застапеност, платите и надоместоците на плати, оценувањето, и дисциплинската одговорност;

- заштитник на системот на државна служба во РМ (систем на работни места, заснован врз принципот на мерит):

  – дава писмена согласност на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места на органите од член 3 став (2) на Законот;

  – ја следи и се грижи за единствената примена на законите и прописите што се однесуваат на државните службеници и укажува за недоследностите во нивната примена до органите од член 3 став (2) на овој закон;

  – одлучува по жалби и приговори како второстепен орган;

- промотор на развојот на државната служба:

  – го унапредува ефикасното и ефективно работење на државните службеници;

  – ги координира активностите што се однесуваат на стручното усовршување и обуката на државните службеници;

- евидентичар на податоци за државните службеници:

  – води Регистар за државните службеници;

  – собира и обработува податоци за вработените припадници на заедниците во органите од член 3 став (2) на овој закон;

ЗА НЕЗАВИСНА, ПРОФЕСИОНАЛНА И ЕФИКАСНА ДРЖАВНА СЛУЖБА

ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ






ЗА НЕЗАВИСНА, ПРОФЕСИОНАЛНА И ЕФИКАСНА ДРЖАВНА СЛУЖБА

## I.2 Приоритетни активности во 2008 година

Агенцијата во 2008 година беше фокусирана на реализација на активности кои, пред се, произлегоа од Предпристапното партнерство за 2008 година, како и ревидираната Национална програма за усвојување на правото на Европската унија за 2008 година, која претставуваше продолжение на претходната програма.

Клучните активности беа сосредоточени на исполнувањето на обврските кои произлегоа од шестиот главен приоритет презентиран од ЕК во Европското партнерство, содржан во документот Мерки и активности за реализација на главните приоритети за пристапување во ЕУ, усвоен од Владата на Република Македонија во март 2008 година.

Ова за Агенцијата значеше реализација на повеќе активности насочени кон исполнување на условите поврзани со државната служба, како дел од јавната администрација, за определување на датум за започнување на преговорите за членство на Република Македонија во Европската Унија.

Програмата за работа на Агенцијата за 2008 година се потпираше на повеќеслојните законски надлежности на Агенцијата, вклучувајќи: подготвување и донесување прописи што се однесуваат на државните службеници; развивање политики за управување со човечките ресурси во државната служби; координација на стручното усовршување и обуката на државните службеници; управување со Регистарот на државните службеници.

Врз основа на предходното, клучни приоритети во 2008 година беа:

- Подобрување на управувањето со човечките ресурси, со особен акцент на системите за:
  - Координација на обуката на државните службеници
  - Оценување на државните службеници
  - Регистарот на државните службеници
- Понатамошен развој на законската рамка за државни службеници и
- Внатрешно зајакнување на капацитетите на Агенцијата

ЗА НЕЗАВИСНА, ПРОФЕСИОНАЛНА И ЕФИКАСНА ДРЖАВНА СЛУЖБА

## II. ПРЕГЛЕД НА ПОСТИГНУВАЊАТА ВО 2008 ГОДИНА

### II.1 Заштита и грижа за прописите за државна служба и принципите на кои се засновани

#### II.1.1 Измени и дополнувања на Законот за државните службеници

Законот за државните службеници (во натамошниот текст: Законот) е основниот пропис кој го регулира системот на државната служба во Република Македонија. Од неговото донесување, во 2000 година, Агенцијата во континуитет се грижи за негово подобрување.

Во текот на 2008 година, целосно влегоа во сила сите одредби од Законот, што претставуваше и еден од клучните приоритети во Партнерството за пристапување кон ЕУ. Меѓутоа, и понатаму клучен недостаток претставува недоследноста во спроведувањето и почитувањето на Законот од страна на некои органи на државната служба.

Агенцијата учествуваше во изработката на Анализата на Законот за државните службеници (усвоена од Владата на Република Македонија во јули 2008 година), во која се идентификувани недоволно силните страни на одредени одредби во Законот и дадени се препораки за нивно отстранување. Врз основа на оваа Анализа, Владата преку ресорното Министерство за правда формира работна група, во која учествува и Агенцијата, задолжена да подготви предлог-текст на измени и дополнувања на Законот. Овој предлог-текст беше доставен на експертско мислење во СИГМА. По вградувањето на забелешките и сугестиите, се очекува до крајот на април 2009 година Собранието на Република Македонија, да усвои Закон за изменување и дополнување на Законот за државните службеници. Во овие измени и дополнувања, особено внимание е посветено на прашањата за понатамошна професионализација на државната служба и нејзина деполитизација, опфатот на државната служба, подобрувањето и скратувањето на постапката за вработување, воведување на дополнителни елементи на кариера во развојот на државните службеници, како и на засилувањето на улогата на Агенцијата од аспект на вршење надзор врз примената на Законот и актите што произлегуваат од него.

#### II.1.2 Измени и дополнувања на подзаконските акти

Агенцијата и во текот на 2008 година продолжи со активности за донесување на подзаконските акти, неопходни за операционализација на одредени одредби од Законот. Во таа смисла во 2008 година подготвени и донесени се следните подзаконски акти:

- Правилник за изменување и дополнување на правилникот за формата и содржината на обрасците за евидентирање на податоците за државните службеници („Службен весник на РМ“ бр. 8/2008);
- Упатство за поблиски критериуми за доделување парична награда на државните службеници(„Службен весник на РМ“ бр. 77/2008);
- Правилник за формата и содржината на образецот за евидентирање на работните часови поминати на работа под посебни услови („Службен весник на РМ“ бр. 98/2008);
- Национален систем за координација на стручното оспособување и обука на државните службеници во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 85/2008),

- Стратегија за обука на државните службеници на РМ 2009-2011 (подготвена од Агенцијата, а усвоена од Владата на РМ на 12.9.2008)
- Годишна програма за генеричка обука на државни службеници во Република Македонија за 2009 година (АДС бр. 01-11281/1 од 23.12.2008)

### II.1.3 Согласности на актите за внатрешна организацијата и систематизацијата на работните места на органите

Постапувајќи по барањата на државните органи, во текот на 2008 година дадени се вкупно 151 писмена согласност на акти за внатрешна организација и систематизација, од кои 51 согласност се однесуваат на нови акти за организација и систематизација на органи на државна управа, додека 17 согласности се однесуваат на акти за изменување и дополнување на актите за внатрешна организација и систематизација, а 83 согласности се однесуваат на актите за измена на систематизација на работните места).

Врз основа на барања на општините, во текот на 2008 година издадени се вкупно 158 согласности на акти за организација и систематизација, од тоа 62 согласности на одлуки за организација (45 согласности на нови одлуки и 17 на одлуки за изменување и дополнување на одлуките), како и 96 согласности на акти за систематизација (48 согласности на нови акти за систематизација и 48 согласности на акти за изменување и дополнување на актите за систематизација).

## II.2 Рамка за развој и управување со човечките ресурси

### II.2.1 Развивање, спроведување и координација на политики за управување со човечки ресурси

### II.2.2 Постапки за утврдување на дисциплинска и материјална одговорност

Во текот на 2008 година, на барање на органите кои вработуваат државни службеници, претставници на Агенцијата учествувале во спроведување на 121 дисциплинска постапка за сторен дисциплински престап. Од нив, 91 постапка се целосно завршени. Од 30 незавршени предмети на крајот на годината, 16 се во тек, 2 се во мирување, а 12 се застарени[1]

Во најголем број случаи, односно за 42 службеници, комисиите предложиле дисциплинска мерка – парична казна во висина од 10-30% од висината на едномесечниот износ на платата на државниот службеник, исплатена во последниот месец пред извршување на повредата на службената должност, во времетраење од 1-6 месеци. На 5 државни службеници им е изречена дисиплинска мерка – распоредување на работно место во пониско звање во траење од 6-12 месеци, а на 5 државни службеници им е изречена дисциплинска мерка – престанок на вработувањето. Во 38 случаи предлогот за поведување на постапката е отфрлен, во 1 случај постапката е прекината до завршување на кривична постапка. За утврдување на материјална одговорност за сторена штета во текот на 2008 година поведени се 12 постапки, од кои 10 се завршени. Во 2 случаи државните службеници се ослободени од одговорност, а во 8 се прогасени за одговорни. На крајот на годината 2 постапки се сеуште во тек.

### II.2.3 Оценување на државните службеници

Согласно законското решение, органите од член 3 став (2) од Законот имаат обврска да извршат оценување на државните службеници за секоја измината

[1] Предметите се застарени од причина што органите од член 3 став(2) од ЗДС не ја завршиле постапката во со закон определениот рок од 60 дена од денот на формирањето на Комисијата за водење на дисциплинска постапка за дисциплински престап.

година најдоцна до крајот на првото тримесечије од наредната година (31 март) и должност, најдоцна еден месец по истекот на овај рок (30 април), да достават Извештај за извршените оценувања до Агенцијата за државни службеници.

Подготвувањето на Анализата за оценување на државните службеници за работењето во 2007 година беше една од активностите содржани во главниот Приоритет VI. *Да се обезбеди дека вработувањето и напредокот во кариерата на државните службеници нема да бидат предмет на политичка вмешаност, дополнително да се зајакне системот на напредување во кариерата, заснован на заслуги и целосно да се спроведе Законот за државните службеници,* утврден во документот „Мерки и активности за реализација на главните приоритети за пристапување во ЕУ“.

Агенцијата, имајќи го предвид значењето на овој процес од аспект на јакнење на капацитетите на администрацијата и зголемување на ефикасноста и ефективноста на работењето во државната служба, презеде повеќе активности, насочени кон навремено и квалитетно спроведување на постапката на оценување на државните службеници за нивното работење во 2007 година, и тоа: во континуитет беа давани стручни мислења, сугестии и консултации на органите кои наидуваа на потешкотии во спроведувањето на постапката и се предлагаа решенија за надминување на истите. Со цел да ја испочитуваат обврската и да ја завршат постапката за оценување за 2007 година, до оние кои тоа не го сторија во законски утврдениот рок, Агенцијата во мај 2008 испрати Ургенција за оценување на државните службеници за 2007 година.

Како резултат на овие активности, Извештај за оценување во 2008 година, до Агенцијата, доставија 98 органи, односно 56% од оние кои имаат таква обврска. Кај органите на централната власт, од вкупно 90, извештај доставиле 54 органи или 60%, додека од вкупно 85 општини( вклучуваајќи го и Градот Скопје), извештај доставиле 44 или 52%.

### II.2.4 Развивање, спроведување и координација на стручното усовршување и обуката на државните службеници

Во текот на првиот квартал од 2008 година спроведена е анализа на имплементацијата на „Националниот систем за координација на обуката и стручното усовршување во државните службеници во РМ“, донесен во октомври 2005 година. Анализите и искуствата од практиката, покажаа дека има потреба од ревизија на документот, со цел поедноставување на структурата за координација на системот за обука и стручно усовршување на државните службеници. Агенцијата обезбеди финансиска поддршка во рамки на проектот ГОФРЕ, ангажираше меѓународен експерт, којшто заедно со меѓуресорската работна група подготви нов „Национален систем за координација на стручното оспособување и обука на државните службеници во Република Македонија“, усвоен од Агенцијата и објавен во „Службен весник на Република Македонија“ број 85/2008.

Актуелниот концепт на Националниот систем беше основа за изработка на „Стратегијата за обука на државните службеници во Република Македонија 2009-2011“со Акциски план за нејзино спроведување, која Владата на Република Македонија ја усвои во септември 2008 година.

Согласно новото системско решение од Националниот систем, во ноември 2008 година се одржа првата конститутивна седница на Советот за обуки на која беше донесен Деловник за работа, со што практично и започна операционализацијата на институционалните структури за координација на обуките за државните службеници во Република Македонија.

Во декември 2008 година Агенцијата донесе „Годишната програма за генеричка обука на државни службеници за 2009 година во Република Македонија“.

ЗА НЕЗАВИСНА, ПРОФЕСИОНАЛНА И ЕФИКАСНА ДРЖАВНА СЛУЖБА

Ова е прва национална Годишна програма за генеричка обука, со каталошки приказ на генеричките обуки што ќе се спроведува во текот на 2009 година за државните службеници во Република Македонија. Она што е најзначајно, е што за спроведување на оваа Програма, за прв пат се обезбедени и средства од Буџетот на Република Македонија. Имено во рамките на потпрограмата К2 – Стручно оспособување и усовршување, алоцирани се 10.750.000,00 денари за спроведување на обуките и 12.250.000,00 денари за набавка на опрема за нивно спроведување и за опремување на единицата за поддршка на обуката во Скопје.

Како редовна законска обврска, заклучно со октомври 2008 година, до Агенцијата се доставени на мислење 101 годишна програма за обука на државните службеници во 2008 година. За 72 програми, Агенцијата има издадено позитивни мислења, додека во 29 случаи, се доставени укажувања и препораки до органите од член 3 став (2) од ЗДС за корекции на годишните програми за обука.

Што се однесува до собирањето и обработката на податоците за обуки на државните службеници, односно доставувањето на ДС-3 обрасци до Регистарот на државните службеници во Агенцијата, заклучно со октомври 2008 година, 89 органи доставиле такви обрасци. Ова покажува зголемено подобрување во спроведвуањето на оваа обврска, иако просторот за подобрување е сеуште голем.

Агенцијата во 2008 година, самостојно или во соработка со други партнери и донатори, организирала 32 одделни работилници, семинари, обуки или конференции, на кои присуствувале вкупно 393 учесници.

„Обука за антикорупциски мерки и етика во државната служба“

Во текот на октомври 2008 година, во Скопје, се спроведоа две еднодневни работилници на тема „Обука за антикорупциски мерки и етика во државната служба“, на која учествуваа вкупно 36 државни службеници, вработени во одделенијата или сектори во чиј делокруг се спроведуваат антикорупциски активности.

„Систем на јавна администрација и државна служба во Република Македонија“

Во текот на октомври - декември 2008 година, во Скопје, се спроведоа 9 еднодневни работилници на тема „Системот на јавната администрација и државната служба во Република Македонија“, на кои учествуваа вкупно 110 државни службеници, коишто се стекнале со статус на државен службеник-приправник во текот на 2006 година.

„Обуки за конзистентна примена на Законот за општа управна постапка“

Оваа активност е континуитет на обврската од НПАА од 2007 година, за чие спроведување е задолжен Државниот управен инспекторат, во соработка со Агенцијата. Врз основа на Информацијата за утврдените состојби во спроведувањето на прописите од областа на основното и средното образование во основните и средните училишта во Република Македонија, од редовниот инспекциски надзор за периодот октомври 2007- јануари 2008 година извршен од Државниот управен испекторат Владата на Република Македонија во март 2008 година, донесе заклучок да се спроведе обука за службениците во основните и средните училишта и на државните службеници во општините за примена на прописите од областа на управното работење во образованието како и прописите за канцелариското работење. Оттаму, во август и септември 2008 година се спроведоа 5 дводневни работилници на тема: „Примена на Законот за општа управна постапка во областа на образованието“со 162 учесника, од кои 84 учесници се државни службеници од единиците на локалната самоуправа, Државниот управен инспекторат и Министерството за образование и наука.

## II.2.5 Регистар на државните службеници

Како редовна активност, кон крајот на првиот квартал од 2008 година Агенцијата го изготви Извештајот од податоците за државните службеници во Регистарот на државни службеници, кој беше објавен на интернет страницата на Агенцијата (http://www.ads.gov.mk).

Остварувајќи ја својата обврска која произлегува од Изборниот законик, Агенцијата навремено и квалитетно ги достави податоците за државните службеници вработени во државната, општинската и администрацијата на Градот Скопје, до Државната изборна комисија, во функција на формирање на изборните органи за спроведување на предвремените парламентарни избори.

Во текот на 2008 година, со финансиска помош на холандскиот грант за поддршка на ПДПЛ аранжманот со Светската Банка, отпочна надградбата на софтверот за регистарот, која ќе овозможи on-line доставување и користење на податоците содржани во него, од страна на институциите. Спроведувањето во практика на оваа надградба ќе започне во вториот квартал на 2009 година.

И покрај вонредните напори на вработените во Агенцијата за воспоставување на целосно ажурен Регистар на државните службеници, за жал мора да се констатира дека проблемите сеуште не се целосно надминати. Имено, голем дел од институциите сеуште не ја почитуваат законската одредба за доставување на податоци до Регистарот во рок од 15 дена од настанувањето на промените. Ова е особено изразено по носењето на нови акти за внатрешна организација и систематизација на работните места. Досегашната практика и искуствата од други поразвиени држави, укажуваат на тоа дека целосна ажурност може да се обезбеди само во случај на поврзување на Регистарот на државни службеници со системот за контрола на исплатите на плати кој постои во Министерството за финансии.

## II.3 Селекција и вработување на државни службеници

Агенцијата и во 2008 година продолжи во континуитет со остварување на надлежностите од сферата на вработување на државните службеници – издавање согласности за вработување на државни службеници, објавување јавни огласи, спроведување на стручни испити и учествување во организација на приправничките испити.

### II.3.1 Согласности за нови вработувања/спогодбени превземања на државни службеници

Спроведувајќи ја надлежноста за давање претходна согласност за вработувања на државни службеници кај буџетските корисници, утврдена во Законот за Буџет, во 2008 година Агенцијата издаде вкупно 450 согласности за нови вработувања на 2624 државни службеници. Од нив 332 согласности се за нови вработувања на 1673 извршители во органите на централната власт, а 118 согласности се за нови вработувања на 951 извршител во органите од локалната власт.

Исто така, операционализирајќи ја надлежноста за давање согласност за мобилноста на државните службеници од еден во друг орган од член 3 став (2) од Законот за државните службеници, Агенцијата во текот на 2008 година, издаде 109 согласности за вработувања без објавување на јавен оглас (спогодбени преземања), за вкупно 307 државни службеници.

### II.3.1 Објавување на јавни огласи

Во текот на 2008 година, Агенцијата објави вкупно 296 јавни огласи за 2416 нови вработувања. За потребите на државните органи беа објавени 190 огласи за вработување на 1775 државни службеници, додека за во општините и градот Скопје беа објавени 106 огласи за вработување на 641 државни службеници.

Трендот на зголемување на бројот на пријавени кандидати продолжи и во 2008 година, како резултат на што до Агенцијата се доставени и обработени вкупно 99.998 пријави за вработување или во просек 55 пријави за едно работно место. Од овој број 95,6% отпаѓа на пријави кои се доставени електронски, преку интернет, додека останатиот дел од 4,4% се доставени писмено.

Значајно е да се спомене дека благодарение на надградбата на системот, со која се овозможи испраќање на известувања до кандидатите по пат на електронска пошта и СМС, наместо само со препорачано писмо, Агенцијата во текот на 2008 година оствари заштеди од околу 600.000 денари.

Особено треба да се истакне дека студијата на случај (case study) за гореспоменатиот ИТ систем, изработена и номинирана од државниот советник за ИТ Александар Угриноски, во февруари 2008 година, го доби престижното признание „Избор на уредникот“ на порталот www.epractice.eu[2] и претставува прво и засега единствено решение кое го добило ова престижно признание, а потекнува од земја која сеуште не е членка на ЕУ. Избор на Уредникот (The Editor’s Choice) е признание кое ги истакнува и наградува добрите пракси кои се од особен интерес на ePractice.eu заедницата, првенствено заради нивниот квалитет како на услугата која ја нудат, така и на проектот во целина и најважно од се неговата иновативност и релевантност во областа на еВладините решенија

Една од идентификуваните потешкотии во реализацијата на оваа надлежност на Агенцијата е неможноста за поседување на точни податоци за избраните кандидати во органите за чии потреби се објавени јавните огласи за вработување. Ова се должи исклучиво на фактот што одредени органи не ги доставуват одлуките за избор и соодветните ДС обрасци (ДС-1 и ДС-2) на државните службеници, до Агенцијата. Ваквата состојба имплицира и неможност за правење целосна и прецизна анализа за нови вработувања во државната служба, што од друга страна е еден од индикаторите за следење на почитувањето на принципот на мерит во постапките за селекцијата и вработување во државната служба во Република Македонија.

### II.3.2 Приправнички испити

Во 2008 година, за полагање на приправнички испит се пријавиле 508 кандидати. Агенцијата за државни службеници учествуваше во организацијата и спроведувањето на приправничките испити за 457 кандидати во органите на државната власт и за 51 кандидат во  во општините и во Градот Скопје. Сите кандидати го положиле приправничкиот испит и се стекнале со статус на државни службеници.

### II.3.3 Стручни испити

Во 2008 година, за потребите на објавените огласи за вработување на државни службеници, Агенцијата организира и спроведе 262 стручни испити за кандидати за државни службеници, од кои 171 за селекција на кандидати за во државните органи и 91 за во општините и градот Скопје.

---

[2] ePractice.eu порталот (www.epractice.eu) е креиран од ЕУ и на него се нудат услуги на стручната јавност од земјите членки на ЕУ, земји кандидати, како и земјите на EFTA



ЗА НЕЗАВИСНА, ПРОФЕСИОНАЛНА И ЕФИКАСНА ДРЖАВНА СЛУЖБА

На барање на органите од член 3 став (5) од ЗДС, во текот на 2008 година се организирани 15 стручни испити за лица без статус на државен службеник. Сите кандидати го положија испитот и се стекнаа со статус на државен службеник.

### II.3.4 Соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците

Начелото на соодветна и правична застапеност во континуитет се применува во постапките за вработување на државните службеници. При тоа, доследно се спроведува законската обврска за објавување на јавните огласи во најмалку еден од весниците кои се печатат на еден од јазиците на заедниците кои не се мнозинство. Понатаму, во составот на комисиите за вработување, еден од членовите е државен службеник од припадниците на заедниците кои не се мнозинство.

Во текот на 2008 година, во рамките на Владината потпрограма К5 – Соодветна и правична застапеност на заедниците, објавени се два огласа за вработување на 334 државни службеници – припадници на заедниците.

## II.4 Второстепен систем за заштита на правата на државните службеници

### II.4.1 Комисија на Агенцијата за државни службеници за решавање во втор степен по жалби и приговори на државните службеници

Комисијата на Агенцијата за решавање во втор степен по жалби и приговори на државните службеници, во 2008 година обработи помал број жалби и приговори, споредено со претходната година.

Притоа, Комисијата не наиде на потешкотии во работењето. Соработката со државните органи и општинската администрација, особено во однос на добивањето на доказните материјали и потребните објаснувања во врска со приговорите и жалбите, е значително подобрена. Сепак, Комисијата нема сознанија за степенот на извршување на второстепените одлуки од страна на првостепените органи.

Во наведениот период и покрај редовните извршувања на работните задачи на работните места на членовите на комисијата, Комисијата одржа 30 седници. До Комисијата на Агенцијата за државни службеници за решавање во втор степен по жалби и приговори на државните службеници, беа поднесени 674 жалби и приговори. Решени се 594, од кои 514 се од државни службеници вработени во државните органи, додека останатите 80 се од државни службеници вработени во општинската администрација.

Од вкупниот број на доставени приговори и жалби, поголемиот број се одбиени како неосновани. Уважените жалби и приговори се главно поради непочитување на одредбите од Законот и подзаконските акти од страна на првостепените органи.

Структурата на решените жалби и приговори според видот на донесената одлука

| Вид на одлука | Број | |
|---|---|---|
| Одбиени | 442 | 74% |
| Уважени | 98 | 17% |
| Отстапени или отфрлени | 25 | 4% |
| Ненадлежност | 6 | 1% |
| Повлечени | 23 | 4% |

Структурата на решените жалби и приговори
според основот за поднесување

| Основ за жалба | Број | |
|---|---|---|
| Распоредување | 168 | 28% |
| Престанок на вработувањето | 33 | 6% |
| Избор по оглас | 288 | 49% |
| Надоместоци и плата | 36 | 6% |
| Дисциплински постапки | 49 | 8% |
| Оценувања | 10 | 2% |
| Суспензија | 8 | 1% |
| Годишен одмор | 2 | 0% |

Комисијата поголемиот број на предметите ги реши во законски утврдените рокови од 15 односно 30 дена од денот на приемот.

Комисијата постапуваше и по 111 барања по разни основи од повеќе државни органи и државни службеници. Беа поднесени и претставки од државни службеници до Народниот правобранител на Република Македонија, за кои Комисијата, по негово барање достави известувања за фактичката состојба.

## II.5 Меѓународна соработка

### II.5.1 Мултилатерална соработка

Европска унија

Во 2008 година, Агенцијата редовно учествуваше во ажурирање на најзначајните стратешки документи за процесот на пристапување на Република Македонија во ЕУ и добивање датум за преговори, и тоа: Акцискиот план за Предпристапното Партнерство, Ревидираната Националната програма за усвојување на законодавството на ЕУза 2008, Мерки и активности за реализација на главните приоритети за пристапување во ЕУ и ИПА програмите.

Значителни активности во овој контекст, се реализирани во рамките на Регионалното училиште за јавна администрација (РеСПА), каде Агенцијата има координативна улога и ја претставува Република Македонија во Управниот комитет на училиштето. Република Македонија го потпиша Меѓународниот Договорот за РеСПА на 22.12.2008 година, по што ресорното Министерство за надворешни работи ја презема работата за подготвување на Закон за негова ратификација во првата половина на 2009 година.

Во рамките на активностите за обука организирани од страна на РеСПА, во 2008 година беа организирани 6 семинари и обуки, на кои учествуваа 14 државни службеници од Република Македонија.

Совет на Европа

Во улога на национален координатор и техничко-логистичка поддршка на организацијата на семинарите и обуките на УНИДЕМ кампусот, во рамките на Венецијанската комисија, Агенцијата спроведе селекција на државни службеници кои учествуваа на 3 редовни семинари во 2008 година и упати 4 државни службеници од Република Македонија за учество на истите.

НИСПАцее

Како и во претходните години и овој пат беа направени сите потребни активности за учеството на Агенцијата на редовната 16-та Годишна конференција на NISPAcee, која се одржа во Братислава, во мај 2008 година.

Европски Фонд за Балканот

Во текот на 2008 година во Агенцијата се реализираше средба со претставници од Европскиот Фонд за Балканот. Како резултат од оваа средба, Агенцијата го координираше аплицирањето на државните службеници од Република Македонија за 20 стипендии што ги обезбедува оваа организација, како дел од „Партнерска програма за млади државни службеници од Западен Балкан: поддршка на квалитетот и лидерството во владеењето".

НАТО

Придонесот на Агенцијата во реализацијата на активностите за членство во НАТО во 2008 година, се состоеше во континуирано ажурирање на информациите што се однесуваат на процесот на реформата во државната служба и имплементацијата на начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во државната администрација, што најде свој одраз и во Годишната национална програма за членство 2008 – 2009. Дополнително, Агенцијата со свој претставник активно учествуваше на работните средби со експертскиот тим на Алијансата, одржани во Република Македонија и во Брисел, Белгија.

### II.5.2 Билатерална соработка

Во текот на 2008 година, во билатерална посета на Агенцијата, престојуваше висока делегација од Агенцијата за државни службеници на Босна и Херцеговина. Во рамки на оваа посета, до претставниците од Агенцијата за државни службеници на Босна и Херцеговина, Агенцијата достави на натамошно разгледување и усогласување, нацрт-текст на Меморандум за билатерална соработка. Во текот на посетата, на оперативно ниво, беа разменети искуства во областа на користењето на информатичките технологии во секојдневното работење, со особен акцент на имплементација на информационите системи за управување со човечки ресурси.

Во соработка со Министерот без ресор надлежен за развој на информатичко општество, во мај 2008, Агенцијата организираше и предводеше студиска посета на 13 члена делегација, составени од државни службеници од повеќе институции на Владата на Република Австрија. Целта на посетата беше стекнување на знаења од областа на електронска влада, запознавајќи ги практичните решенија од областа имплементирани во земјата домаќин, која е европски прворангирана држава според степенот на развој на онлајн услуги.

### II.5.3 Преглед на активностите по проекти

ВАО

Врз основа на билатералниот договор меѓу Агенцијата и Француската Амбасада за програмата „Висока административна обука – ВАО II" за периодот 2006-2009, потпишан во 2006 година и договорот за соработка меѓу Агенцијата и ИСППИ[3], во март 2008 година започна реализацијата на Програмата за генерацијата 2008, во која учествуваа 17 државни службеници. Заклучно со октомври 2008 година спроведени беа предавањата од четирите модули во Скопје. Сите 17 државни

[3] Институт за социолошки и политичко-правни истражувања

службеници-стажанти на генерацијата 2008, успешно го положија испитот, по што беа упатени на едномесечен студиски престој во ЕНА, Париз, кој се реализира во текот на месец ноември.

Во рамките на програмата ВАО-II, во октомври 2008 година во Скопје се спроведе и специјализиран семинар на тема „ИПА - Предпристапна помош“, со учество на вкупно 67 државни службеници.

ГОФРЕ

Агенцијата во соработка со проектот ГОФРЕ во септември 2008 година, во Скопје, спроведе дводневна работилница на тема „Стандарди за управување со човечките ресурси“, на која учествуваа вкупно 35 државни службеници.

## III. ГЛАВНИ ПРЕДИЗВИЦИ ЗА 2009 ГОДИНА

Во текот на 2009 година Агенцијата вообичаено ќе се насочи на спроведување на своите законски надлежности.

Приоритетно ќе се фокусира на една од нејзините основни функции – воспоставување единствена рамка за развој и управување со човечките ресурси, со посебен акцент на координацијата на активностите поврзани со стручното оспособување и усовршување. Тоа практично ќе значи реализација на активности предвидени во: Националниот систем за координација на обуката и стручното усовршување на државните службеници во Република Македонија, Стратегијата за обука на државните службеници во Република Македонија 2009-2011, Стратешкиот план на Агенцијата (2007-2009), Стратегијата за комуникација на Агенцијата. Во Програмата за работа за 2009 година, особено внимание ќе се посвети на спроведување на обврските кои за Агенцијата произлегуваат од Претпристапното партнерство, Ревизијата на Националната програма за усвојување на законодавството на Европската унија за 2009, како и од Скицата за реализација на препораките содржани во Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2008 година. Покрај тоа, соодветно место во Програмата ќе имаат обврските кои Република Македонија ги има во однос на меѓународните институции и организации, а за чие спроведување е одговорна Агенцијата.

Врз основа на предното, клучните приоритети за 2009 година се:

- Понатамошно унапредување на управувањето со човечките ресурси, со особен акцент на системите за:
  - Координација на обуката на државните службеници и реализација на Годишната програма за генеричка обука на државните службеници за 2009 година
  - Воспоставување на Мрежата за координација на одделенијата за управување со човечки ресурси и нејзина операционализација
  - Подобрување на Регистарот на државните службеници
- Понатамошен развој на законската рамка за државни службеници
- Внатрешно зајакнување на капацитетите на Агенцијата.

ДИРЕКТОР,
АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ, С.Р.